РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С 23 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје , државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт С 23 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје, кој опфаќа простор од 19,91 ха, со следните граници :

- На север по осовината на градската магистрална улица „Антон Попов";
- На исток по осовината на собирната улица „Маџари";
- На југ по осовините на сервисните улица „С1", „С2" и „С3"

Намена на земјиштето и градбите:
• Парцелирано градежно земјиште:

А- ДОМУВАЊЕ
Б- КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
В- ЈАВНИ ФУНКЦИИ
Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Е - ИНФРАСТРУКТУРА
• Земјиште за општа употреба:
Д2 – заштитно зеленило
Е1 – комунална инфраструктура

Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С 23 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје, ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница ″Маџари 2″, во рок од 5 работни дена и тоа почнувајќи од 22.06.2022 год. до 28.06..2022год., секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот**.**

Повторната јавната презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт С 23 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје, ќе се одржи на ден 22.06.2022 год. со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 2".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да достават забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

Бр.28-3/2277/5
од 14.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

________________________
Бобан Стефковски